**Strengthening the administrative capacities for implementation of the legal framework for bankruptcy and liquidation of companies**

The European Union's Instrument for Pre-accession AssistanceIPA, TAIB 2011

S C
B L

## Проект: Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва

Втора тркалезна маса

„ Пренос на имотот кој е во сопственост на правните субјекти во услови на ликвидација и бришење по службена должност – проблеми во практика “

На 11. април 2017 година организирана е втората тркалезна маса посветена на ликвидацијата, во рамките на Проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва“. На тема: „Пренос на имотот кој е во сопственост на правните субјекти во услови на ликвидација и бришење по службена должност – проблеми во практика„, расправаа претставници на Министерството за економија, Агенцијата за катастар на недвижности, Управата за јавни приходи, Централниот Регистар, Нотарската комора и други заинтересирани страни.



Расправано е за начинот на примената на законските одредби при пренос на недвижности во Агенцијата за катастар на недвижности и уписот на промените во катастарскиот регистар, како и за роковите за распоредување на движниот, недвижниот имот и на паричните средства, гледано од аспект на Управата за јавни приходи, кога станува збор за подмирување на даночните обврски при преносот. Покренати се и прашања што се наметнуваат со должината на роковите кај бришењето на трговските субјекти по службена должност. Имено, бришењето се спроведува согласно членовите 447-а, 552-а и 552-б од Законот за трговски друштва, така што движниот имот на трговските друштва се распределува во рок од една година, а паричните средства и недвижниот имот во рок од десет години од денот на донесувањето на решението за бришење. Дефинирано е дека доколку по истекот на роковите не дојде до распределба, имотот се пренесува во сопственост на Република Македонија, со обврска движниот имот да се чува една година, а недвижниот имот и паричните средства десет години, но не е прецизирано како тоа ќе се остварува и што со евентуалните трошоци.

Учесниците во расправата се заложија за натамошно доградување на законските решенија во насока на дефинирање на определен субјект или процедура со која би се уредила координација и подобрила контролата врз ликвидацијата од аспект на обезбедување од пренос и отуѓување на имотот на трговското друштво пред целосно завршување на постапката. Ќе треба да се најдат и решенија за имотот што е во сопственост на правните субјекти во случај на бришење по службена должност.

Проектот „Зајакнување на административните капацитети за имплементација на законската рамка за стечај и ликвидација на трговските друштва"се реализира со средства од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската унија и е имплементиран од страна на конзорциум предводен од Pohl Consulting & Associates, во партнерство со Ernst&Young.

Скопје, 11.04.2017